**Инфо билтен – февруари 2023**



**Повици**

Повик за а 2(две) експертски позиции за подготовка на секторска анализа за транспорт како сектор со брзорастечки емисии на стакленички гасови во Македонија.

Локалната канцеларија на Еко-свест во Вевчани објави повик за нови членови кои сакаат да се приклучат кон нашата организација. Шалтерот е отворен без краен рок.

**#ЗаедноЗаКлиматскаАкција**

Програмата за правна и менторска поддршка која ја обезбедуваме заедно со Македонското здружение на млади правници овозможува помош и поддршка на граѓанските организации за климатски акции и активности. Побарајте правна поддршка на следниот линк.

Сега е време да ги дадете вашите коментари за новиот предлог Закон за климатска акција. Како мала подготовка, погледнете го овој преглед на Европските закони за клима, подготвен од CAN Europe во мај 2022 година, со кратка анализа на македонското законодавство во оваа област (35-36 стр.).

**Енергија**

Блогот на мрежата Бенквоч објаснува зошто ЕБОР објави не една, не две, туку осум еколошки и социјални проценки за консултации со јавноста за гасоводот за фосилни гасови меѓу Македонија и Грција. Иљадници страници го анализираат секој аспект на планираната рута, но не го увидуваат најочигледното: огромните емисии на стакленички гасови на овој проект.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

Одржување на енергетскиот систем во живот за време на енергетската криза ги чинеше граѓаните на Македонија 369 милиони евра како и пораст на емисиите на стакленички гасови на земјата и зголемување на загадувачките супстанци во воздухот.

**Заштита на природа**

Мали и густи шуми никнуваат низ Европа како дел од движењето насочено кон обновување на биолошката разновидност и борба против климатската криза. Често сместени во училишни дворови или покрај патишта, шумите можат да бидат мали како тениско игралиште. Тие се базирани на работата на јапонскиот ботаничар Акира Мијаваки, кој засадил повеќе од 1.000 такви шуми во Јапонија, Малезија и на други места. „Сега" е секогаш најдобро време да ја засадите вашата урбана шума.

Нудиме патување низ светот со кое ги откриваме местата каде што се донесени некои од најзначајните меѓународни конвенции за заштита на природата и животната средина. Дознајте зошто биле донесени овие глобални одлуки и како се применети во Македонија за заштита на нашата природна и животна средина.

**Медиуми**

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство вели дека сме подготвени заеднички да ги ублажиме последиците од климатските промени и исцрпувањето на природните ресурси, а истовремено и да ги задоволиме потребите за исхрана на нашето население.

Главен камен на сопнување на конференцијата за биолошка разновидност во Монтреал (КОП15), одржан пред два месеци, беше дигиталната биопиратерија бидејќи земјите во развој сè почесто апелираат до богатите држави за поделба на профитот од иновациите што се темелат врз нивните природни ресурси.

Имаме ли решенија за 16-те жешки точки со историски индустриски отпад? Има, но треба да се реализираат.

**Разно**

Сакате квизови? И ние! Решавајте било кој од овие три квиза (на англиски јазик) и учете за тоа како настануваат климатските промени, какво е нивното влијаат и како може да се ублажат последиците од климатските промени. Среќно!

Дознајте повеќе за науката за климатските промени, ризиците што ги носи и како човечката активност го менува нашиот свет. Бесплатен онлајн курс на платформата FutureLearn (на англиски јазик). Вкупно 12 часа од вашето време, било каде.

Дајте си малку време и за наука. Прочитајте го ова истражување за главните извори на загадување на амбиенталниот воздух за градското подрачје на Скопје изработено од АМБИКОН лаб при УГД - Штип во мај 2022 година.

Sweden Sverige

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

МЗМП CNVP Building a Greener Economic Environment

**Забелешка:** Овој инфо билтен е наменет за меѓусебно информирање за настани, активности и повици на еколошките организации и релевантните институции. Пораката ја добивте бидејќи сте регистрирани на една од GoogleGroups climatecoalitionmk и/или ekosfera. Доколку не сакате да го добивате овој инфо билтен, пратете порака на info@ekosvest.com.mk

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.